# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

## И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ СУД ЗА 2008 ГОДИНА

---

**Скопје, февруари 2009 година**

## I. УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Управниот суд, започна со работа на 5.12.2007 година, со преземање на нерешените предмети од управната област, од Врховниот суд на Република Македонија.

Условите за работа во Управниот суд, од гледна точка на просторно сместување на судот, се непроменети споредбено со извештајната 2007 година. Имено, од основањето во 2007 година, активностите од законски определениот делокруг на работа на овој суд, се остваруваат во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Орце Николов“ б.б. во Скопје. Делот од наведениот објект што е даден на користење на Управниот суд, има 40 канцеларии, кои во моментот на предавањето, беа опремени со нов мебел и делумно со компјутерска опрема, а во текот на 2008 година, по различни основи (донации остварени преку Министерство за правда, како и врз основа на спроведени постапки за јавни набавки) се набавени поголем број компјутери и печатачи, така што заклучно со истекот на наведената календарска година, судот располагаше со 58 компјутери и 26 печатачи, што претставува подобрување на условите за работа од гледна точка на техничка опременост, споредбено со претходниот извештаен период.

Во текот на 2008 година, врз основа на единствената методологија и технолошка основа, е воведен судскиот информатички систем - СИС, со што е овозможена електронска евиденција на битните податоци од списите на предметите, следење на движењето на предметите во судот, полесна техничка изработка на судските одлуки, како и електронско евидентирање на предметите, од нивниот прием во судот, до моментот на експедирањето на списите. Со воведувањето на судскиот информатички систем, евидентирањето на предметите во Управниот суд, освен во соодветните уписници пропишани со судскиот деловник, се врши и електронски.

Имајќи предвид дека при основањето на овој суд, не беа обезбедени потребните закони, како и друга стручна литература, неопходна за непречено работење и остварување на програмските цели поради кои е основан судот, во текот на 2008 година, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка, се набавени определен број закони со коментари, коишто се од значење за работењето на Управниот суд, со што практично започна организирањето на стручна библиотека, предвидена во член 16 од Судскиот деловник.

Од гледна точка на човечките ресурси, упатно е да се напомене дека во 2008 година, се избрани уште 4 судии во Управниот суд, така што нивниот вкупен број изнесува 22, вклучувајќи го и претседателот на судот, а пред Судскиот совет на Република Македонија, во тек е постапка за избор на уште 3 судии за овој суд.

Во 2008 година, се остварени и повеќе нови вработувања на државни службеници и други вработени лица, така што вклучувајќи ги и претходно спогодбено преземените 6 вработени лица од Врховниот суд на Република Македонија и 2 лица од Министерството за правда, вкупниот број на стручен, административно – технички кадар и припадници на судската полиција, во Управниот суд, заклучно со истекот на наведената календарска година, изнесува 33 лица и тоа: - генерален секретар (пред именувањето вработен во овој суд како раководител на сектор), 4 раководители на одделение (од кои 1 е раководител на одделението за вршење материјално – финансиски работи), 2 советника (од кои на еден му мирува работниот однос во овој суд, поради негово стручно оспособување – следење на програмата за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители), 1 помлад соработник, 1 соработник за водење евиденција, 1 самостоен референт - технички секретар на претседателот на судот, 1 референт - технички секретар на генералниот секретар, 1 самостоен референт - водител на писарница, 7 виши референти - извршители во писарница, 1 самостоен референт за прием и експедиција на пошта, 1 самостоен референт - сметководител, 1 виш референт - благајник, 4 виши референти за обработка на документација - дактилографи, 1 виш референт - економ, 2 референти доставувачи, 1 возач и 3 припадника на судска полиција, а по три објавени огласи во текот на 2008 година, во завршна фаза е и постапката за вработување 1 државен службеник, советник - информатичар.

Со вработувањето на претходно наведените три припадника на судската полиција, во текот на извештајната 2008 година, практично е формирана судска полиција во овој суд, во смисла на член 110 од Законот за судовите.

Во овој контекст, напоменуваме дека според Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд, донесен и усвоен согласно со Законот за државните службеници, во овој суд се предвидени и делумно пополнети работните места табеларно прикажани во следната табела:

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ СО ВРАБОТЕНИ ЛИЦА |
|---|---|---|
| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР | **1** | **1** |
| ДРЖАВЕН СОВЕТНИК - ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК | **6** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР - СТРУЧНО- ПРАВЕН СЕКТОР | **1** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ОБЛАСТА НА ПЕНЗИСКОТО, ИНВАЛИДСКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ | **1** | **1** |
| СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ОБЛАСТА НА ПЕНЗИСКОТО, ИНВАЛИДСКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ | **7** | **1** |
| ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ПОДДРШКА НА СУДСКИОТ СОВЕТ | **3** | **1** |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ | **1** | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ | **7** | **1** |
| ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ПОДДРШКА НА СУДСКИОТ СОВЕТ | **3** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ | **1** | **1** |
| СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ ОД ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ | **7** | / |
| ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ПОДДРШКА НА СУДСКИОТ СОВЕТ | **3** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ И ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР | **1** | / |
| СОРАБОТНИК ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА | **1** | **1** |
| ВИШ СОРАБОТНИК – ПОРТПАРОЛ | **1** | / |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ-ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВЕН СУД | **1** | **1** |
| РЕФЕРЕНТ-ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР | **1** | **1** |
| ВИШ РЕФЕРЕНТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ | **1** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ВРШЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ, МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКИ, АДМИНИСТРАТИВНО- ТЕХНИЧКИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ | **1** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, АДМИНИСТРАТИВНО - ТЕХНИЧКИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ | **1** | / |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ – ВОДИТЕЛ НА ПИСАРНИЦА | **2** | **1** |
| ВИШ РЕФЕРЕНТ – ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА | **7** | **7** |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ ЗА ПРИЕМ И ЕКСПЕДИЦИЈА НА ПОШТА | **1** | **1** |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ ЗА ОБРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА | **1** | / |
| ВИШ РЕФЕРЕНТ ЗА ОБРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА | **11** | **4** |
| РЕФЕРЕНТ – ДОСТАВУВАЧ | **2** | **2** |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ – АРХИВАР ВО ПИСАРНИЦА | **1** | / |
| КООРДИНАТОР НА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА | **1** | / |
| УПРАВИТЕЛ | **1** | / |
| ЕКОНОМ | **1** | **1** |
| РАБОТНИК ВО БИФЕ | **1** | / |
| СУДСКИ ПОЛИЦАЕЦ | **4** | **3** |
| ХАУСМАЈСТОР | **1** | / |
| ХИГИЕНИЧАР | **4** | / |
| ОПЕРАТОР НА ТЕЛЕФОНСКА ЦЕНТРАЛА | **1** | / |
| ВОЗАЧ | **1** | **1** |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКИ РАБОТИ | **1** | **1** |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ – СМЕТКОВОДИТЕЛ | **1** | **1** |
| ВИШ РЕФЕРЕНТ – БЛАГАЈНИК | **1** | **1** |
| РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИКА, ЕВИДЕНЦИЈА, СУДСКА ПРАКТИКА И ЕДУКАЦИЈА | **1** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И ОДРЖУВАЊЕ | **1** | / |
| СОВЕТНИК – ИНЖЕНЕР ИНФОРМАТИЧАР | **2** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МРЕЖИ И ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ | **1** | / |
| СОВЕТНИК - ИНЖЕНЕР ИНФОРМАТИЧАР | **2** | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СУДСКА ПРАКТИКА И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ | **1** | / |
| СОВЕТНИК – АНАЛИТИЧАР ЗА СУДСКА ПРАКТИКА, ЕДУКАЦИЈА И СУДСКА УПРАВА | **1** | / |
| ВИШ СОРАБОТНИК - ПРЕВЕДУВАЧ | **1** | / |
| ВИШ СОРАБОТНИК – ВОДИТЕЛ НА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА / ЛЕКТОР | **1** | / |
| САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СУДСКА ПРАКТИКА И ЕВИДЕНЦИЈА | **1** | / |

а според Правилникот за систематизација на работните места, донесен и усвоен согласно со Законот за судска служба, во судот се предвидени работни места означени во следната табела:

| ЗВАЊЕ | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ | ПОПОЛНЕТ БР. НА ИЗВРШИ. СО ВРАБОТЕНИ ЛИЦА |
|---|---|---|
| СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛ | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, КАТАСТАР И ОБРАЗОВАНИЕ | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ДЕЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, ВОДОСТОПАНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, СТОПАНСТВО, СООБРАЌАЈ И ВРСКИ, ИГРИ НА СРЕЌА И РАДИОДИФУЗИЈА | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЕНЗИИ И ДРУГИ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВО ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПРАВО ПО ОСНОВ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО – САНИТАРЕН НАДЗОР И КОНТРОЛА И НАДЗОРНИ МЕРКИ НА ИНСПЕКТОРОТ НА ТРУДОТ | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРАВА ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ, ЈАВНИ ДАВАЧКИ, ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, РАБОТНИ ОДНОСИ, АКЦИЗИ, РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ, АДВОКАТИ, ЕКОНОМИЈА, КОНКУРЕНЦИЈА, ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР, ПРИСТАП ДО ИНФОРМЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦАРИНИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ, СТАТУСНИ ПРАШАЊА, ПАТНИ ИСПРАВИ, ВОЗИЛА, ОРУЖЈЕ, ПРАВО ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И АВТОРСКИ ПРАВА, ЖИГ, БАНКАРСКИ РАБОТИ, КОНЦЕСИИ, ОДБРАНА, ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ, ЕНЕРГЕТИКА, ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 6 | / |
| СУДСКИ СОВЕТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 6 | / |
| СУДСКИ СОВЕТНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 5 | / |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК ЗА РЕШАВАЊЕ УПРАВНИ СПОРОВИ | 5 | / |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК – ПРЕВЕДУВАЧ | 1 | / |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК – ЛЕКТОР | 1 | / |
| СУДСКИ СОРАБОТНИК – ВОДИТЕЛ НА СТРУЧНА БИБЛИОТЕКА | 1 | / |
| СУДСКИ ПОМОШНИК | 2 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК ВО ОДДЕЛОТ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА | 1 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ВО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | 1 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - СМЕТКОВОДИТЕЛ | 1 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - БЛАГАЈНИК | 1 | / |
| РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ | 1 | / |

| | | |
|---|---|---|
| РЕСУРСИ | | |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 1 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ СУД | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР | 1 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ВОДИТЕЛ НА ПИСАРНИЦА | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА | 12 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ПРИЕМ И ЕКСПЕДИЦИЈА НА ПОШТА | 1 | / |
| СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ДОСТАВУВАЧ | 4 | / |
| САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - КООРДИНАТОР НА ДАКТИЛО БИРО | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ОБРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ДАКТИЛОГРАФ | 25 | / |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - АРХИВАР | 1 | / |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - ЕКОНОМ | 1 | / |
| ПОМЛАД СУДСКИ РЕФЕРЕНТ | 1 | / |
| КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 1 | / |
| ЗАМЕНИК КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 1 | / |
| ПРИПАДНИК НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 3 | / |
| ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - КООРДИНАТОР НА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА | 1 | / |
| РАБОТНИК ВО БИФЕ | 2 | / |
| ХАУС МАЈСТОР | 1 | / |
| ХИГИЕНИЧАР | 4 | / |
| ОПЕРАТОР НА ТЕЛЕФОНСКА ЦЕНТРАЛА | 1 | / |
| ВОЗАЧ | 2 | / |

## II. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во текот на 2008 година, во Управниот суд се оформени 8497 нови предмети по различни основи, така што имајќи ги предвид и 5804-те нерешени предмети од минатата извештајна година, вкупно во работа во судот имало 14301 предмет, од кои 5147 се решени, а останале нерешени 9154 предмети.

Работата по предметите во овој суд, се одвива во седум совети, формирани во рамките на шест специјализирани судски оддели и тоа: -

I - ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, КАТАСТАР И ОБРАЗОВАНИЕ

II - ОДДЕЛ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА, ДЕЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ТРАНСФОРМАЦИЈА

III – ОДДЕЛ ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО, ВОДОСТОПАНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСТВО, СТОПАНСТВО, СООБРАЌАЈ И ВРСКИ, ИГРИ НА СРЕЌА И РАДИОДИФУЗИЈА

IV – ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ И ДРУГИ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВО ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПРАВО ПО ОСНОВ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНО – САНИТАРЕН НАДЗОР И КОНТРОЛА, НАДЗОРНИ МЕРКИ НА ИНСПЕКТОРОТ НА ТРУДОТ

V - ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРАВА ПО ОСНОВ НА НЕВРАБОТЕНОСТ, ЈАВНИ ДАВАЧКИ, ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ, РАБОТНИ ОДНОСИ, АКЦИЗИ, РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ, АДВОКАТИ, ЕКОНОМИЈА, КОНКУРЕНЦИЈА, ЦЕНРАЛЕН РЕГИСТАР, ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ - ЈАВЕН КАРАКТЕР

VI – ОДДЕЛ ЗА ЦАРИНИ, ТАКСИ, НАДОМЕСТОЦИ, СТАТУСНИ ПРАШАЊА, ПАТНИ ИСПРАВИ, ВОЗИЛА, ОРУЖЈЕ, ПРАВА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ И АВТОРСКИ ПРАВА, ЖИГ, БАНКАРСКИ РАБОТИ, КОНЦЕСИИ, ОДБРАНА, ДЕЛОВЕН СУБЈЕКТ, ЕНЕРГЕТИКА, ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ.

Во рамките на вториот оддел, функционираат два совета (II СОВЕТ и VII СОВЕТ), а во рамките на останатите пет оддели, функционира по еден совет (I СОВЕТ, III СОВЕТ, IV СОВЕТ, V СОВЕТ, и VI СОВЕТ).

Обемот на работа на Управниот суд во 2008 година, анализиран одделно по совети и основи, табеларно е прикажан во следните табели:

**РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – I СОВЕТ**

| ОСНОВ | Изаир Зибери | Анита Данилова | Јелица Крстевска | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Катастар | 97 | 109 | 94 | **300** |
| Имотно правни | 30 | 30 | 46 | **106** |
| Образование | 5 | 4 | 3 | **12** |
| Здравство | 35 | 25 | 25 | **87** |
| Транспорт и врски | 1 | 1 | 1 | **3** |
| ФОНД | 2 | 2 | 2 | **6** |
| У | **170** | **173** | **171** | **514** |
| УИ | **1** | **3** | **5** | **9** |
| УРП | **50** | **50** | **50** | **150** |
| **ВКУПНО:** | **221** | **226** | **226** | **673** |

**У. 514**
**Уи. 9**
**Урп. 150**

**ВКУПНО РЕШЕНИ: 673**

**НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – I СОВЕТ**

| ОСНОВ | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Предимствено право на користење на градежно земјиште | 16 | 59 | **75** |
| Доделување на градежно земјиште | 13 | 35 | **48** |
| Одземање на градежно земјиште | 13 | 15 | **28** |
| Утврдување содржина на недвижности | 15 | 90 | **105** |
| Запишување во катастар на недвижности | 25 | 173 | **198** |
| Образование | 10 | 15 | **22** |
| **ВКУПНО** | 92 | 387 | **479** |

**РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ –II СОВЕТ**

| ОСНОВ | Нецат Ајро | Злата Стамболиска | Драгослав Радичевски | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Трансформација | / | 3 | 2 | **5** |
| Експропријација | 5 | 4 | 4 | **9** |
| Приватизација | 1 | / | / | **1** |
| Денационализација | 163 | 189 | 221 | **573** |
| У | 169 | 196 | 227 | **592** |
| УИ | / | 3 | / | **3** |
| УРП | 50 | 50 | 50 | **150** |
| **ВКУПНО** | 219 | 249 | 277 | **745** |

**У. 592**
**Уи. 3**
**Урп. 150**

**ВКУПНО РЕШЕНИ: 745**

**НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – II и VII СОВЕТ**

| ОСНОВ | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Денационализација | 540 | 587 | **1127** |
| Експропријација | 23 | 19 | **42** |
| Трансформација | 6 | 4 | **10** |
| Деекспропријација | / | 1 | **1** |
| **ВКУПНО:** | **569** | **611** | **1180** |

**РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – III СОВЕТ**

| ОСНОВ | Виолета Илиевска | Нада Иванова | Газменд Фејзуљи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Урбанизам и градежништво | 194 | 196 | 174 | **564** |
| Денационализација | 1 | | | **1** |
| Еднократна парична помош | | 1 | | **1** |
| Линиски превоз | 6 | 7 | 5 | **18** |
| Старосна пензија | 1 | 1 | 1 | **3** |
| Надлежност | | | 2 | **2** |
| Земјоделство | 11 | 10 | 11 | **32** |
| Електронски комуникации | | 1 | 2 | **3** |
| Животна средина | | | 3 | **3** |
| Мерки за инспекциски надозор | 3 | | | **3** |
| Радиодифузија | 2 | 4 | 1 | **7** |
| Станбено | 4 | 2 | | **6** |
| Забрана за вршење дејност | | | 2 | **2** |
| Прераспределба на раб.место | | | 1 | **1** |
| Водостопанство | 1 | | | **1** |
| У | 222 | 222 | 203 | **647** |
| УРП | 50 | 50 | 50 | **150** |
| **ВКУПНО:** | **272** | **272** | **253** | **797** |

**У. 647**
**Урп. 150**

**ВКУПНО РЕШЕНИ: 797**

**НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – III СОВЕТ**

| ОСНОВ | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Одобрение за градење | 169 | 145 | **314** |
| Мерки на инспекциски надзор | 6 | 0 | **6** |
| Запирање на градба | 29 | 2 | **31** |
| Уривање на објект | 18 | 291 | **309** |
| Станбено | 27 | 24 | **51** |
| Водостопанство | 4 | 3 | **7** |
| Земјоделство | 26 | 45 | **71** |
| Агенција за електронски ком. | 20 | 10 | **30** |
| Животна средина | 0 | 2 | **2** |
| Радиодифузија | 0 | 9 | **9** |
| Шумарство | 10 | 0 | **10** |
| Линиски превоз | 5 | 12 | **17** |
| Игри на среќа | 0 | 6 | **6** |
| **ВКУПНО** | **314** | **549** | **863** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – IV СОВЕТ

| ОСНОВ | Рахилка Стојановска | Влданка П.Сулејманова | Снежана Трповска | ВКУНО |
|---|---|---|---|---|
| Посебен додаток | / | 1 | / | **1** |
| Т.О. | 15 | 17 | 12 | **44** |
| Старателство | / | 1 | / | **1** |
| Семејна | 13 | 17 | 11 | **41** |
| Старосна | 50 | 57 | 42 | **149** |
| Инвалидска | 55 | 52 | 47 | **154** |
| Здрав.осиг. | 7 | 5 | 3 | **15** |
| Социјална пом. | 2 | 11 | 3 | **16** |
| Помош и нега | 8 | 12 | 8 | **28** |
| Утврд.стаж | 2 | 6 | 3 | **11** |
| Придонеси од ПИО | 6 | 3 | 1 | **10** |
| Земјоделска | / | 5 | 1 | **6** |
| Трошоци за здр.осиг. | 13 | 15 | 11 | **39** |
| Распоред. на друг. раб. задача | 1 | 3 | 1 | **5** |
| Паричен надоместок | 2 | 6 | 2 | **10** |
| Надомест до враб. | 13 | 1 | 4 | **18** |
| Право од задолж.здр | 8 | 2 | 5 | **15** |
| Лоекување во стран. | 7 | 27 | 3 | **37** |
| Воена инвалиднина | 3 | 2 | 2 | **7** |
| Видување на дете | / | 2 | 2 | **4** |
| Усогласув. на пенз. | 13 | 2 | 5 | **20** |
| Еднократна пар. | / | 4 | 2 | **6** |
| Детски додаток | / | 1 | / | **1** |
| Трошоци за наб. лек | 12 | 15 | 21 | **48** |
| **У** | **230** | **267** | **189** | **686** |
| **УИ** | **6** | **2** | **2** | **10** |
| **УРП** | **50** | **50** | **50** | **150** |
| **УСПИ** | **/** | **/** | **1** | **1** |
| **ВКУПНО:** | **286** | **319** | **242** | **686** |

**У. 686**
**Уи. 10**
**Урп. 150**
**Успи 1**

**ВКУПНО РЕШЕНИ: 847**

## НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – IV СОВЕТ

| ОСНОВ | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Доделување неповрат. сред. | 20 | 7 | **27** |
| Еднократна помош | 1 | 3 | **4** |
| Придонеси за ПИО | 45 | 31 | **76** |
| Придонеси за здравство | 6 | 6 | **12** |
| Социјална помош | 121 | 93 | **214** |
| Додаток на деца | 5 | 9 | **14** |
| Видување и додел. на деца | 18 | 27 | **45** |
| Помош и нега | 96 | 156 | **252** |
| Право од зад.здрав.осиг. | 275 | 302 | **577** |
| Лекување во земјата и стр. | 48 | 59 | **107** |
| Надомест за набав.лек. и мед.помагала | 94 | 81 | **175** |
| Право од здрав. санит. Надзор | 4 | / | **4** |
| Надз. Мерки на инспект.на труд | 21 | 6 | **27** |
| Труд-основ. Здрав.организац. | 25 | 5 | **30** |
| Старосна пензија | 243 | 112 | **355** |
| Инвалидска пензија | 126 | 110 | **236** |
| Семејна пензија | 71 | 28 | **99** |
| Земјоделска пензија | 13 | 1 | **14** |
| Распоред. на други соодв.раб. | 15 | 5 | **20** |
| Паричен над. за телес.оштет. | 51 | 17 | **68** |
| Утврдув. стаж на осигуреник | 34 | 9 | **43** |
| Усогласување на пензија | / | 9 | **9** |
| Мирновремен воен инвалид | 21 | 16 | **37** |
| Труд-семејно насилство | / | 1 | **1** |
| **ВКУПНО** | **1353** | **1093** | **2446** |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – V СОВЕТ

| ОСНОВ | Владимир Стојановски | Лидија Каначковиќ | Мустафа Шахини | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за економија | 11 | 10 | 5 | **21** |
| Министерство за финансии | / | 12 | 9 | **26** |
| Влада на РМ | 10 | 4 | 8 | **22** |
| Слободан пристап до информации | 10 | 13 | 15 | **38** |
| Министерство за труд | 12 | / | 1 | **13** |
| Адвокати | 1 | / | 3 | **4** |
| Евиденција за невработеност | 1 | 1 | / | **2** |
| Злоупотреба на доминантна позиција | 7 | 3 | 5 | **15** |
| Паричен надоместок до вработување | 45 | 80 | 63 | **188** |
| Данок | 35 | 23 | 24 | **82** |
| ФОНД на ПИОМ | 15 | 8 | 10 | **33** |
| Централен регистар | 6 | 4 | / | **10** |
| Јавни набавки | 5 | 2 | 2 | **9** |
| Судска такса | / | / | 4 | **4** |
| Разрешување од должност | / | / | 2 | **2** |
| Работни односи | / | 1 | / | **1** |
| Контрола на данок | 3 | / | / | **3** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Право од невработеност | / | / | 3 | **3** |
| Забрана за вршење на дејност | / | 4 | 7 | **11** |
| Ликвидација | 2 | / | 2 | **4** |
| Лиценца | / | 1 | 1 | **2** |
| Запишување лични податоци | / | 1 | / | **1** |
| Данок од добивка | 1 | / | / | **1** |
| Персонален данок | 5 | / | / | **5** |
| Доделување неповратни средства | / | / | 2 | **2** |
| Мерки на инспекциски надзор | / | 4 | 3 | **7** |
| Акцизи | / | 1 | / | **1** |
| Комисија за жалби | / | 1 | 4 | **5** |
| Присилна наплата | 1 | / | / | **1** |
| У | **170** | **173** | **173** | **516** |
| УИ | **7** | **/** | **/** | **7** |
| УРП | **50** | **50** | **50** | **150** |
| УВИУ | **1** | **/** | **1** | **2** |
| **ВКУПНО** | **228** | **223** | **224** | **675** |

**У. 516**
**Уи. 7**
**Увиу 2**
**Урп. 150**

**ВКУПНО РЕШЕНИ: 675**

## НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ –V СОВЕТ

| ОСНОВ | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Еви. и право по основ на невраб. | 64 | 48 | 112 |
| Надом. по основ на невраб. | 20 | 1 | 21 |
| Данок на промет | 32 | 16 | 48 |
| Персонален данок | 18 | 14 | 32 |
| Данок од добивка | 66 | 34 | 100 |
| ДДВ | 15 | 40 | 55 |
| Данок на имот | 41 | 16 | 57 |
| Контрола на данок | 78 | 6 | 84 |
| Присилна наплата | 4 | 2 | 6 |
| Јавни набавки | 3 | 23 | 26 |
| Работни односи | 11 | 19 | 30 |
| Акцизи | 2 | / | 2 |
| Разрешување од должност | 1 | / | 1 |
| Адвокати | 3 | 5 | 8 |
| Комисија за жалби | 14 | 31 | 45 |
| Информации од јавен карактер | 14 | 69 | 83 |
| Заштита на конкуренција | 8 | 8 | 16 |
| Упис во хипотеки | / | 5 | 5 |
| Забрана за вршење на деј. | 9 | 42 | 51 |
| Прекршок-економија | 1 | 71 | 72 |
| Дирек. за заштита на лични подато. | 3 | 7 | 10 |
| Хартии од вредност | 3 | 7 | 10 |
| **ВКУПНО** | **410** | **464** | **874** |

**РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – VI СОВЕТ**

| ОСНОВ | Емилија Илиевска | Мирјана Г. Стефановска | Шефајет Хајдари | ВКУПНО: |
|---|---|---|---|---|
| Царина | 29 | 29 | 30 | **88** |
| Инвалидска пен. | 1 | 1 | 2 | **4** |
| Данок на промет | 1 | / | 1 | **1** |
| Судска такса | 1 | 1 | 1 | **3** |
| Оружје | 9 | 9 | 10 | **28** |
| Концесии | 3 | 1 | 3 | **7** |
| Комунална такса | 14 | 11 | 13 | **38** |
| Царински прекршок | 7 | 12 | 6 | **25** |
| МВР прекршок | 47 | 51 | 42 | **140** |
| Азил | 7 | 5 | 4 | **16** |
| Возила | 2 | 2 | 4 | **8** |
| Повторув.постапка | 1 | / | 1 | **1** |
| Живеалиште | 1 | 1 | 1 | **2** |
| Државјанство | 7 | 2 | 7 | **16** |
| Патна исправа | 1 | / | 1 | **1** |
| Енергетика | 1 | / | 1 | **1** |
| Над.за упот.на гр.зем. | 1 | 1 | 1 | **3** |
| Технички преглед | / | 1 | 1 | **2** |
| Здравство | / | 1 | / | **1** |
| Економија | / | 1 | / | **1** |
| Одбрана | / | 1 | 1 | **1** |
| Банки | / | / | 3 | **3** |
| **У** | **135** | **130** | **133** | **398** |
| **УСПИ** | **1** | **/** | **/** | **1** |
| **УРП** | **217** | **223** | **219** | **659** |
| **ВКУПНО:** | **353** | **353** | **352** | **1058** |

**У. 398**
**УИ. /**
**УРП. 659**
**УСПИ 1**

**ВКУПНО РЕШЕНИ: 1058**

## НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ - VI СОВЕТ

| ОСНОВ | 2007 година | 2008 година |
|---|---|---|
| Царина | 112 | 617 |
| Комун.такса | 31 | 44 |
| Судска такса | 1 | 5 |
| Државјанство | 13 | 23 |
| Матична евиденција | 3 | 32 |
| Возила | 18 | 26 |
| Оружје | 30 | 27 |
| Авторски права и индустриска сопствен. | 6 | 3 |
| Банкарски работи | 7 | 5 |
| Концесии | 4 | 2 |
| Одбрана | 3 | 1 |
| Жиг | 1 | / |
| Карински прекршок | 7 | 315 |
| МВР прекршок | 3 | 240 |
| Енергетика | 1 | 2 |
| | 240 | 1342 |
| **ВКУПНО: У. 1582** | | |
| УРП-судир на надлеж. | / | **1677** |
| **ВКУПНО НЕРЕШЕНИ**: | **3259** | |

## РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ – VII СОВЕТ

| ОСНОВ | Лидија Георгиевска | Дијана Димитрова | Љуљзим Салиу | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Трансформација | 2 | 3 | 1 | **6** |
| Експропријација | 8 | 8 | 3 | **19** |
| Приватизација | / | / | / | **/** |
| Денационализација | 73 | 72 | 30 | **175** |
| У | 83 | 83 | 34 | **200** |
| УИ | / | / | / | **/** |
| УРП | 50 | 50 | 50 | **150** |
| **ВКУПНО:** | **133** | **133** | **84** | **350** |
| **У. 200**<br>**Уи. /**<br>**Урп. 150**<br>**ВКУПНО РЕШЕНИ: 350** | | | | |

## III. Констатација за ангажираноста и квалитетот на работењето на судиите

За предметниот извештаен период, од аспект на ангажираноста и квалитетот на работењето на судиите на Управниот суд, може да се констатира дека во условите во кои работеше судот, а коишто по ниту еден критериум не би можеле да бидат оценети како оптимални, од судиите, како и впрочем од сите вработени во овој суд, беа вложувани максимални напори за постапување по преземените предмети од Врховниот суд на Република Македонија и нивно решавање, со давање предимство на одлучувањето на хронолошки постарите предмети, како и особено ангажирање во рамките на реалните можности, за совладување на обемот на работа, што резултираше од бројот на новопримените предмети во овој суд.

Претседателот и судиите на Управниот суд, во текот на годината на која се однесува овој извештај, одржуваа редовни секојдневни состаноци, на кои се разгледуваа стручни прашања, периодични извештаи за работата на судот, годишниот извештај, како и други прашања поврзани со проблеми од делокругот на работа на судот, а во процесот на континуирана едукација, учествуваа и на бројни советувања и семинари, во земјата и во странство, организирани преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители или од други организатори, на теми од значење за функционирањето на судството во Република Македонија, споредбено со судските системи во повеќе европски држави, како и за примената на одделни закони, што се непосредно поврзани со работата на Управниот суд.

## I V. Предлог мерки.

Имајќи предвид дека Управниот суд е сеуште во фаза на кадровско екипирање и техничко опремување, заради постигнување целосна функционалност во остварување на целите поради кои е формиран, неопходно е потребно да се обезбедат финансиски средства и да се ажурира постапката за нови вработувања на стручен и административно – технички кадар во овој суд, со оглед на тоа што постојниот број на вработени лица, не е ни приближно доволен за ефикасно совладување на обемот на активностите од законски определениот делокруг на работа на судот, дотолку повеќе што согласно со член 101 став 1 од Законот за судовите, секој судија треба да има еден стручен судски службеник, а од вкупниот број актуелно вработени раководни и стручни судски службеници во Управниот суд, 5 работат со судии, така што нивниот број не соодветствува со постојните 21 избран судија и наскоро очекуваниот избор на уште 3 судии, со што не е исполнет критериумот пропишан во претходно цитираната законска одредба.

Во претстојниот период, потребно е да продолжи техничкото опремување на судот, зголемување на библиотечниот фонд со набавка на потребната стручна литература, воведување интернет заради обезбедување пред се пристап до законските текстови и други прописи и овозможување на следење на судската практика на другите судови и меѓународната судска практика, како и продолжување на процесот на едукација на судиите и судските службеници, за области и прашања што се од значење за ефикасно извршување на работите од делокругот на овој суд.

Со оглед на неопходната и итна потреба од нови вработувања и пополнување на работните места предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Управниот суд, а заради создавање оптимални услови за работа, како и неминовноста од преземање на архивираните предмети од управната област, од Врховниот суд на Република Македонија, се јавува и реална потреба од проширување на деловниот простор, во кој моментно и привремено функционира судот, бидејќи расположивите просторни капацитети се веќе целосно искористени. Во наведената смисла, доставена е писмена информација до Министерот за правда, со барање за доделување на судот, на неискористениот простор со површина од 150 м2, што се наоѓа во приземниот дел на објектот во кој сега работи судот, како и можноста за евентуално пренесување на правото на сопственост врз целиот објектот, на Управниот суд, бидејќи истиот, локациски и функционално би бил добро решение за неговото функционирање, што би значело и трајно решавање на проблемот, од гледна точка на просторно сместување на судот.

**Претседател на Управниот суд,**
**Розалиа Кочковска**